МЕЃУНАРОДЕН ЦЕНТАР ЗА СЛАВЈАНСКА ПРОСВЕТА - СВЕТИ НИКОЛЕ

# «МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ: ИСТОК - ЗАПАД»
(ЕКОНОМИЈА, БЕЗБЕДНОСНО ИНЖЕНЕРСТВО, ИНФОРМАТИКА)

# СПИСАНИЕ
**на научни трудови**

**ДВАНАЕСЕТТА МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА „МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ: ИСТОК - ЗАПАД“**
МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГАВРИЛО РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН“
СВЕТИ НИКОЛЕ - БИТОЛА

***Година VIII*** ***Број 1*** ***Април 2021***

- СВЕТИ НИКОЛЕ, Р. СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА -
- 2021 -

**Издавач:** Меѓународен центар за славјанска просвета - Свети Николе

**За издавачот:** м-р Михаела Ѓорчева, директор

**Наслов:** «МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ: ИСТОК - ЗАПАД» (ЕКОНОМИЈА, БЕЗБЕДНОСНО ИНЖЕНЕРСТВО, ИНФОРМАТИКА)

**Организационен одбор:**

Претседател: проф. д-р Јордан Ѓорчев
Заменик претседател: д-р Стромов Владимир Јуревич, Русија
Член: м-р Борче Серафимовски
Член: м-р Милена Спасовска

**Уредувачки одбор:**

Проф. д-р Ленче Петреска - Република Северна Македонија
Проф. д-р Александар Илиевски - Република Северна Македонија
Проф. д-р Мирослав Крстиќ - Република Србија
Проф. д-р Момчило Симоновиќ - Република Србија
Проф. д-р Тодор Галунов - Република Бугарија
Проф. д-р Даниела Тасевска - Република Бугарија
Доц. д-р Хаџиб Салкиќ - Република Босна и Херцеговина
Проф. д-р Татјана Осадчаја - Руска Федерација
Доц. д-р Вера Шунаева - Руска Федерација

**Уредник:** проф. д-р Јордан Ѓорчев

**Компјутерска обработка и дизајн:** Адриано Панајотов, Маја Маријана Панајотова, Благој Митев

**ISSN (принт)** 1857-9299
**ISSN (онлајн)** 1857-9302

**Адреса на комисијата:** ул. Маршал Тито 77, Свети Николе, Р. Сверна Македонија

**Контакт телефон:** +389 (0)32 440 330

**Уредувачкиот одбор им се заблагодарува на сите учесници за соработката!**

**Напомена:**

Уредувачкиот одбор на списанието «МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ: ИСТОК-ЗАПАД» не одговара за можните повреди на авторските права на научните трудови објавени во списанието. Целосната одговорност за оригиналноста, автентичноста и лекторирањето на научните трудови објавени во списанието е на самите автори на трудовите.

Секој научен труд пред објавувањето во списанието «МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ: ИСТОК-ЗАПАД» е рецензиран од двајца анонимни рецензенти од соодветната научна област.

**Печати:** Печатница и книжарница „Славјански“, Свети Николе

**Тираж:** 100

Година 8, Број 1, Април 2021, Свети Николе, Република Северна Македонија

МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ

# ИСТОК - ЗАПАД

ЕКОНОМИЈА, БЕЗБЕДНОСНО ИНЖЕНЕРСТВО,
ИНФОРМАТИКА

ОБЛАСТ
# ЕКОНОМИЈА

338.14]: 616.98:578.834}-036.21(497.7)”2020”

**Проф. д-р Драган Ѓурчевски**
**Проф. д-р Гуле Гулев**
**Доц. д-р Горанчо Јакимов**
МСУ „Г. Р. Државин“ Свети Николе – Битола
Р. Северна Македонија

# МАКЕДОНСКАТА ЕКОНОМИЈА И ВЛИЈАНИЕТО НА КОВИД-19 ПАНДЕМИЈАТА

**АПСТРАКТ:** Кризата предизвикана од КОВИД-19 пандемијата е најголемата здравствена и економска криза со која досега се соочиле земјите во светот. Силниот удар од КОВИД-19 пандемијата предизвика драматични последици врз македонската економија во текот на 2020 година. На самиот почеток на 2020 година, во услови на здравствена и финансиска криза и во време кое налагаше итна реакција, Владата донесе низа економски мерки во обид да се справи со негативните ефекти од корона кризата. Во текот на 2020 година следеа четири пакети на економски мерки за амортизирање на првите удари од кризата, заживување на македонската економија преку директна поддршка на граѓаните и стопанството, обезбедување одржливост на работните места, закрепнување на одредени дејности, како и обезбедување стабилност на социјалните трансфери и креирање политики за брз излез од кризата. Анализирајќи ја македонската економија во услови на КОВИД-19 пандемијата може да се констатира дека помошта од државата преку спроведените економски мерки од страна на Владата на Република Македонија беа добродојдени за стопанството, но само за одржување на кондиција за привремено пребродување на кризата. Со цел македонската економија да ја надмине најголемата здравствено-економска криза во историјата на земјата и да се врати во нормала, во периодот што следи, неопходни се дополнителни добро осмислени економски мерки и итно решавање на системските слабости во државата. Периодот што претстои е сè уште критичен и сосема неизвесен, а македонската економија и понатаму се наоѓа пред сериозен предизвик во битката за економско заздравување.

**КЛУЧНИ ЗБОРОВИ:** КОВИД-19, пандемија, македонска економија, економски мерки

# MACEDONIAN ECONOMY AND THE COVID-19 PANDEMIC IMPACT

**ABSTRACT:** The COVID-19 pandemic is the immense health and economic crisis that the countries worldwide, has faced with so far. The strong COVID-19 pandemic impact, during 2020, has caused dramatically negative influence to the Macedonian economy. At the beginning of 2020, in a complex political situation and at a time which requires an immediate response, the Government has adopted series of economic measures in attempt to deal with the negative effects from the COVID-19 pandemic. Within 2020, four packages of economic measures were adopted in order to facilitate the first shock of the crisis and to revitalize the Macedonian economy. The packages of economic measures have offered direct support to the citizens and to the economy, ensuring sustainability of jobs, recovering certain activities, ensuring stability of social transfers and creating a policy for quick way out of the crisis. The analysis of the Macedonian economy, so far have pointed out that the economic measures for revitalization implemented by the Government of

the Republic of Macedonia, had positive effect to the economy but with limited impact. The main objective of the economic measures was only to maintain an optimal condition to temporary overcome the crisis. The overcoming of the health and economic crisis and returning of the economy in its full condition depends of additional economic measures and solving the systematic problems of the country within the economic and judiciary system as necessary. The Macedonian economy is still being faced with serious challenges in the battle for economic recovery and the period that follows is critical and uncertain.

**KEYWORDS:** COVID-19, pandemic, Macedonian economy, economic measures

**ВОВЕД**

На почетокот од 2020 година, како последица на КОВИД-19 пандемијата, светот се соочи со најголемата светска економска и здравствена криза во изминатото столетие. Постепено и со различен интензитет кризата се рашири низ сите подрачја во светот. Кризата предизвикана од КОВИД-19 пандемијата е досега најголемата здравствена и економска криза со која се соочила Република Македонија. Значителното влошување на глобалното економско окружување и падот на надворешната побарувачка предизвикан од здравствената криза влијаеше врз активноста на домашните извозни компании и индустриското производство, приливот на приватни трансфери од странство, а ограничувачките мерки за спречување на ширење на коронавирусот во земјата имаа влијание врз дел од дејностите во рамки на услужниот сектор, како трговијата, транспортот, угостителството и туризмот.

На самиот почеток на 2020 година, во услови на здравствена и финансиска криза и во време кое налагаше итна реакција, Владата на Република Македонија донесе низа економски мерки во обид да се справи со негативните ефекти од корона кризата. Кон крајот на првиот и почетокот на вториот квартал од 2020 година беа донесени првите два пакети економски мерки кои имаа за цел да го амортизираат првиот удар од економската криза предизвикана од коронавирусот. Во текот на вториот квартал од 2020 година беше донесен третиот сет економски мерки кој беше насочен кон заживување на македонската економија преку директна поддршка на граѓаните и на стопанството. Третиот сет економски мерки имаше за цел да ја поттикне приватната потрошувачка на граѓаните, заради создавање услови за подобар живот, заштита на постојните и креирање нови работни места. На крајот од третиот и почетокот на четвртиот квартал од 2020 година беше донесен четвртиот пакет економски мерки кој имаше за цел да обезбеди одржливост на домашните економски дејности и на работните места, закрепнување на одредени дејности, обезбедување стабилност на социјалните трансфери и обезбедување политики кои ќе помогнат во насока на спроведување на брза излезна стратегија кога кризата ќе заврши за да се продолжи со позитивните трендови на новата развојна македонска економија.

Напоредно со деталното елаборирање на спроведените економски мерки од страна на Владата на Република Македонија во текот на 2020 година, во продолжение е направена анализа на македонската економија во услови на КОВИД-19 пандемијата, гледано низ призмата на нејзината економската активност, пазарот на работна сила, движењето на државниот долг и стапката на инфлација, како и анализа на надворешниот сектор.

## 1. МАКЕДОНСКАТА ЕКОНОМИЈА ВО ТЕКОТ НА 2020 ГОДИНА

### *1.1. Економска активност*

Во првиот квартал од 2020 година, согласно очекувањата, дојде до значително забавување на економскиот раст, којшто изнесуваше +0,2% на годишна основа. Ова се должеше на влошувањето на меѓународното окружување и значителниот пад на надворешната побарувачка, а во помала мера и на ограничувачките мерки преземени во месец март со цел спречување на ширењето на коронавирусот во земјата.

Во вториот квартал од 2020, беше забележан пад на домашната економска активност од -12,7% на годишна основа, што беше одраз на ограничувачките мерки за спречување на ширење на коронавирусот во земјата и падот на производството во индустриските капацитети како последица на влошеното меѓународно окружување и значителниот пад на надворешната побарувачка.

Во третиот квартал од 2020 година, беше забележан пад на домашната економска активност од -3,3%. Всушност, економската активност забележа намалување втор квартал по ред, како последица на неповолните ефекти од пандемијата на коронавирусот, иако со значително поблаг интензитет.

Во последниот квартал од 2020, беше забележан пад на домашната економска активност од -0,7% на годишна основа, што претставуваше натамошно забавување на падот на активноста по силниот пад во вториот квартал, со што просечното намалување на реалниот БДП во 2020 година, изнесуваше -4,5%.[1]

### *1.2. Пазар на работна сила*

Во првиот квартал од 2020 година беше забележано продолжување на позитивните движења на пазарот на работна сила, така што бројот на вработени лица беше повисок за +2,7%, во однос на истиот квартал од 2019 година. Стапката на вработеност во првиот квартал од 2020 изнесуваше 48,1%. Растот на вработеноста беше придружен со пад на бројот на невработени, којшто беше намален за -8,6%, во однос на истиот квартал од 2019 година. Овие движења предизвикаа стапката на невработеност во првиот квартал од 2020 да се намали на 16,2%, односно за -0,4% во споредба со претходниот квартал.

Во вториот квартал од 2020 година беше забележан прекин на позитивните движења на пазарот на работна сила како последица на неповолното влијание од пандемијата на коронавирус, па бројот на вработени лица беше понизок за -0,1%, во однос на истиот квартал од 2019 година. Стапката на вработеност во вториот квартал од 2020 изнесуваше 47,1%. Незначителниот пад на вработеноста беше придружен со ублажен пад на бројот на невработени, којшто беше намален за -5,1%, во однос на истиот квартал од 2019 година. Овие движења предизвикаа стапката на невработеност во вториот квартал од 2020 да се зголеми на 16,7%, односно за +0,5% во споредба со претходниот квартал.

Во третиот квартал од 2020 година, бројот на вработени лица беше намален за -1,7%, во однос на истиот квартал од 2019 година. Стапката на вработеност во третиот квартал од 2020 изнесуваше 46,6%. Сепак, и покрај падот на вработеноста, беше забележан и пад на бројот на невработени, којшто е намален за -5,5%, во однос на истиот квартал од 2019 година. Овие движења предизвикаа стапката на невработеност во третиот квартал од 2020 да се намали на 16,5%, односно за -0,2% во споредба со претходниот квартал.

1. http://www.finance.gov.mk

Во четвртиот квартал од 2020 година, бројот на вработени лица беше намален за -2,2%, во однос на истиот квартал од 2019 година. Стапката на вработеност во четвртиот квартал од 2020 изнесуваше 46,8%. Меѓутоа, и покрај намалувањето на вработеноста, забележан е и пад на бројот на невработени, којшто беше намален за -5,7%, во однос на истиот квартал од 2019 година. Овие движења предизвикаа стапката на невработеност во четвртиот квартал од 2020 да се намали на 16,1%, односно за -0,4% во споредба со претходниот квартал.[2]

### *1.3. Државен долг и стапка на инфлација*

Вкупниот државен долг на крајот на првиот квартал од 2020 година изнесуваше 41,8% од БДП и забележа зголемување на своето учество во БДП за +1,6% во однос на четвртиот квартал од 2019 година. Стапката на инфлација во првиот квартал од 2020 изнесуваше 0,6% на годишна основа и се зголеми за +0,6% во споредба со четвртиот квартал од 2019 година.

Вкупниот државен долг на крајот на вториот квартал од 2020 година изнесуваше 50,7% од БДП и забележа зголемување на своето учество во БДП за +8,9% во однос на првиот квартал од 2020 година. Стапката на инфлација во вториот квартал од 2020 изнесуваше 0,5% на годишна основа и се намали за -0,1% во споредба со првиот квартал од 2020 година.

Вкупниот државен долг на крајот на третиот квартал од 2020 година изнесуваше 51,5% од БДП и забележа зголемување на своето учество во БДП за +0,1% во однос на вториот квартал од 2020 година. Стапката на инфлација во третиот квартал од 2020 изнесуваше 1,5% на годишна основа и се зголеми за +1,0% во споредба со вториот квартал од 2020 година.

Вкупниот државен долг на крајот на четвртиот квартал од 2020 година изнесуваше 51,2% од БДП и забележа намалување на своето учество во БДП за -0,6% во однос на третиот квартал од 2020 година. Стапката на инфлација во четвртиот квартал од 2020 година изнесуваше 2,2% на годишна основа и се зголеми за +0,7% во споредба со третиот квартал од 2020.[3]

### *1.4. Надворешен сектор*

Вкупната надворешнотрговска размена со странство во првиот квартал од 2020 година, забележа пад од -5,6%, во однос на истиот квартал од 2019 година. Извозот на стоки во првиот квартал од 2020, во однос на првиот квартал од 2019 година, забележа пад од -8,2%, додека во однос на претходниот квартал беше регистриран пад од -14,0%. Увозот на стоки во првиот квартал од 2020 година се намали за -3,6% во однос на првиот квартал од 2019, додека во однос на претходниот квартал беше зблележан пад од -16,0%.

Вкупната надворешнотрговска размена со странство во вториот квартал од 2020 година, забележа пад од -33,6% во однос на истиот квартал од 2019 година. Извозот на стоки во вториот квартал од 2020, во однос на вториот квартал од 2019 година, регистрира пад од -35,7%, додека во однос на претходниот квартал беше забележан пад од -25,9%. Увозот на стоки во вториот квартал од 2020 година се намали за -31,9% во однос на вториот квартал од 2019, додека во однос на претходниот квртал беше забележан пад од -25,7%.

2. www.stat.gov.mk
3. www.nbrm.mk

Вкупната надворешнотрговска размена со странство во третиот квартал од 2020 година, забележа пад од -2,6% во однос на истиот квартал од 2019 година. Извозот на стоки во третиот квартал од 2020, во однос на третиот квартал од 2019 година, регистрира пад од -1,4%, додека во однос на претходниот квартал беше забележан раст од +54,1%. Увозот на стоки во третиот квартал од 2020 година се намали за -3,5% во однос на третиот квартал од 2019, додека во однос на претходниот квартал беше забележан раст од +39,7%.

Вкупната надворешнотрговска размена со странство во четвртиот квартал од 2020 година, забележа раст од +1,3% во однос на истиот квартал од 2019 година. Извозот на стоки во четвртиот квартал од 2020, во однос на четвртиот квартал од 2019 година, регистрира раст од +5,1%, додека во однос на претодниот квартал беше забележан раст од +7,2%. Увозот на стоки во четвртиот квартал од 2020 година се намали за -1,4% во однос на четвртиот квартал од 2019, додека во однос на претходниот квартал беше забележан раст од +12,8%.[4]

## 2. ЕКОНОМСКИ МЕРКИ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД КОВИД-19 ПАНДЕМИЈАТА

На самиот почеток на 2020 година, во услови на здравствена и финансиска криза и во време кое налагаше итна реакција, Владата на Република Македонија донесе низа мерки во обид да се справи со негативните ефекти од корона кризата.

Првите два пакета економски мерки имаа за цел да го амортизираат првиот удар од економската криза предизвикана од коронавирусот. Вкупната вредност на првиот и вториот пакет економски мерки изнесуваше 200 до 250 милиони евра или околу 2% од БДП.

Третиот пакет економски мерки беше насочен кон заживување на македонската економија преку директна поддршка на граѓаните и на стопанството. Овој пакет мерки беше насочен кон зголемување на потрошувачката, како и стимулирање заштита, промоција и раст на домашната економска понуда. Третиот пакет мерки беше наменет за граѓаните - невработените лица, социјално ранливите категории, младите (средношколци, студенти и млади до 29 години), домаќинствата со ниски примања, медицинските лица, како и за стопанството - погодените сектори од кризата, домашните компании (производствени, прехранбени и други капацитети), извозните компании, услужната дејност, земјоделството и туризмот. Третиот пакет мерки имаа за цел да ја поттикнат приватната потрошувачка на граѓаните, заради создавање услови за подобар живот, заштита на постојните и креирање нови работни места, особено во секторите во кои се имплементира дигитализацијата, зголемена конкурентност на нашите компании на домашно, регионално и глобално ниво, интервентно активирање на домашниот туризам, промоција на нови земјоделски култури и поддршка на земјоделците за уште поголем обем и квалитет на домашно производство, развој на економските дејности со воведување ИТ и онлајн активности и алатки, како и стимулирање и зголемување на безготовинските и онлајн плаќања, како инструмент за сузбивање на сивата економија. Вкупната вредност на третиот пакет економски мерки изнесуваше 355 милиони евра и беа опфатени 730.000 корисници.

Четвртиот пакет економски мерки имаше за цел да обезбеди одржливост на домашните економски дејности и на работните места, закрепнување на одредени дејности, обезбедување стабилност на социјалните трансфери и

4. http://www.finance.gov.mk

обезбедување политики кои ќе помогнат во насока на спроведување на брза излезна стратегија кога кризата ќе заврши за да се продолжи со позитивните трендови на новата развојна македонска економија. Четвртиот пакет мерки беше насочен кон поддршка за работните места, кон невработените лица, социјално ранливите категории - пензионерите и граѓаните од други категории, самохрани родители итн. Четвртиот пакет мерки понуди директна помош за економската и социјалната сигурност на граѓаните, како и за поттик на приватната потрошувачка како стимулатор на општествениот раст. Вкупната вредност на четвртиот пакет економски мерки изнесуваше 478 милиони евра насочени кон граѓаните и стопанството за стабилна економија.[5]

**ЗАКЛУЧОК**

Силниот удар од КОВИД-19 пандемијата предизвика драматични последици врз македонската економија во текот на 2020 година.

Анализата на македонската економија во услови на КОВИД-19 пандемијата, гледано низ призмата на нејзината економската активност укажува на тоа дека уште на почетокот од кризата т.е во првиот квартал од 2020 година дојде до значително забавување на економскиот раст, којшто изнесуваше +0,2% на годишна основа. Веќе вториот квартал од 2020, донесе пад на домашната економска активност од -12,7%. Во третиот квартал од 2020 година, беше забележан пад на домашната економска активност од -3,3%, што значеше намалување на економската активност втор квартал по ред, како последица на неповолните ефекти од пандемијата на коронавирусот, иако со значително поблаг интензитет. И последниот квартал од 2020, донесе пад на домашната економска активност од -0,7% на годишна основа, што претставуваше натамошно забавување на падот на активноста по силниот пад во вториот квартал. Просечното намалување на реалниот БДП во 2020 година беше рекордно во последниве повеќе од две децении и изнесуваше -4,5%.

Гледано од аспкет на пазарот на работна сила во првиот квартал од 2020 година беше забележано продолжување на позитивните движења на пазарот на работна сила, така што бројот на вработени лица беше повисок за +2,7%, во однос на истиот квартал од 2019 година. Следствено, растот на вработеноста беше придружен со пад на стапката на невработеност на 16,2%. Како последица на неповолното влијание од пандемијата на коронавирус, вториот квартал од 2020 донесе прекин на позитивните движења на пазарот на работна сила, па бројот на вработени лица беше понизок за -0,1%. Падот на вработеноста беше придружен со зголемување на стапката на невработеност на 16,7%. Во третиот квартал од 2020 година, бројот на вработени лица беше намален за -1,7%, во однос на истиот квартал од 2019 година. Сепак, и покрај падот на вработеноста, беше забележано намалување на стапката на невработеност на 16,5%. Идентично на тенденциите во третиот квартал и во последниот квартал од 2020, бројот на вработени лица беше намален за -2,2%, а беше забележан и пад на стапката на невработеност на 16,1%.

Изминатата 2020 година се карактеризираше и со континуирано зголемување на вкупниот државен долг и стапката на инфлација. Вкупниот државен долг на крајот на првиот квартал од 2020 година изнесуваше 41,8% од БДП и забележа зголемување на своето учество во БДП за +1,6%, во однос на

5. www.koronavirus.gov.mk

четвртиот квартал од 2019 година. Вкупниот државен долг во вториот квартал порасна на 50,7%, а во третиот квартал изнесуваше 51,5% од БДП. На крајот на четвртиот квартал од 2020 година вкупниот државен долг изнесуваше 51,2% од БДП. Стапката на инфлација во првиот квартал од 2020 година изнесуваше 0,6% на годишна основа и се зголеми за +0,6% во споредба со четвртиот квартал од 2019 година. Стапката на инфлација во вториот квартал од 2020 изнесуваше 0,5%, а во третиот квартал 1,5% на годишна основа. Во последниот квартал од 2020 година стапката на инфлација забележа зголемување за +0,7% во споредба со третиот квартал од 2020 и изнесуваше 2,2% на годишна основа.

Од анализата на македонската економија во услови на КОВИД-19 пандемијата, гледано низ призмата на надворешниот сектор може да се забележи дека уште на почетокот од кризата т.е во првиот квартал од 2020 година дојде до значителен пад на вкупната надворешнотрговска размена со странство од -5,6%, во однос на истиот квартал од 2019 година. Следствено, извозот на стоки во првиот квартал од 2020 година забележа пад од -8,2%, а увозот на стоки се намали за -3,6% во однос на првиот квартал од 2019. Во вториот квартал од 2020 година вкупната надворешнотрговска размена со странство забележа пад од -33,6%, во однос на истиот квартал од 2019 година. Извозот на стоки во вториот квартал од 2020 година регистрира пад од -35,7%, а увозот на стоки се намали за -31,9% во однос на вториот квартал од 2019 година. Вкупната надворешнотрговска размена со странство во третиот квартал од 2020, забележа пад од -2,6% во однос на истиот квартал од 2019 година. Извозот на стоки во третиот квартал од 2020 година регистрира пад од -1,4%, а увозот на стоки се намали за -3,5% во однос на третиот квартал од 2019 година. Во последниот квартал од 2020 година, вкупната надворешнотрговска размена забележа минимален раст од +1,3% во однос на истиот квартал од 2019 година. Извозот на стоки во четвртиот квартал од 2020 година исто така регистрираше раст од +5,1%, додека увозот на стоки се намали за -1,4% во однос на четвртиот квартал од 2019 година.

Анализирајќи ја македонската економија во услови на КОВИД-19 пандемијата може да се констатира дека помошта од државата т.е спроведените економски мерки од страна на Владата на Република Македонија беа добродојдени за стопанството, но само за одржување солидна кондиција за привремено пребродување на кризата. Со цел македонската економија да се врати во нормала, да застане на здрави нозе и да ја надмине најголемата здравствено-економска криза во историјата на земјата, во периодот кој следи неопходни се дополнителни добро осмислени економски мерки и итно решавање на системските слабости во државата. Периодот кој доаѓа сѐ уште е критичен и сосема неизвесен, а македонската економија и понатаму се наоѓа пред сериозен предизвик во битката за економско заздравување.

**БИБЛИОГРАФИЈА И ИНТЕРНЕТСКИ СТРАНИЦИ**


1. Baldwin R. and B.W. Di Mauro, (2020), Economics in the Time of Covid-19, CEPR;
2. www.finance.gov.mk
3. www.koronavirus.gov.mk
4. КОВИД-19 и светот на работата: Влијанија и мерки, (2020), Документ на Меѓународната организација на трудот (МОТ);
5. Lee A. and J. Cho, (2016), The impact of epidemics on labor market: identifying victims of the Middle East Respiratory Syndrome in the Korean labour market. Int J Equity Health;
6. McKibbin W. and R. Fernando, (2020), The Global Macroeconomic Impacts of COVID-19: Седум сценарија;
7. www.nbrm.mk
8. РЕДОВЕН ЕКОНОМСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА ЗАПАДЕН БАЛКАН Бр:17 „Економско и социјално влијание од КОВИД-19 – ИЗГЛЕДИ НА ЗАПАДЕН БАЛКАН, (2020), WORLD BANK GROUP;
9. www.stat.gov.mk
10. www.vlada.mk